Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ'', број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), в.д. Претседателот на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија донесе

# О Д Л У К А

## за избор за унапредување на административен службеник

1. По интерниот оглас број 1/2022 за унапредување на административни службеници во Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, објавен на веб страната на Советот и Агенцијата за администрација, од предложената ранг листа за работното место Советник за меѓународна соработка и развој, Директорат за меѓународна соработка и развој, Дирекција за Контрола, надзор, лиценцирање, меѓународна соработка и развој - 1 извршител, се избира следниот кандидат:

- Владо Митев.

2. По интерниот оглас број 1/2022 за унапредување на административни службеници во Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, објавен на веб страната на Советот и Агенцијата за администрација, од предложената ранг листа за работното место Раководител на дирекција за контрола, надзор, лиценирање, меѓународна соработка и развој - 1 извршител, се избира следниот кандидат:

- Жарко Камчев

3. в.д. Претседателот на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 и 2 на оваа одлука.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На веб страната на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија и Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на административни службеници во Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, во кој како едно од работните места беше објавено и работното место Советник за меѓународна соработка и развој, Директорат за меѓународна соработка и развој, Дирекција за Контрола, надзор, лиценцирање, меѓународна соработка и развој - 1 извршител, и второ работно место беше објавено и работното место Раководител на дирекција за контрола, надзор, лиценирање, меѓународна соработка и развој – 1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работните места, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници во Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, формирана со Решение бр. 04-31/7 од 14.02.2022 година, спроведе административна селекција и изготви Записник заведен под бр. 04-31/8 од 14.02.2022 година, по што комисијата спроведе интервју и за истото состави Записници заведени под бр. 04-31/9 од 14.02.2022 година и 04-31/10 од 15.02.2022 година.

Комисијата врз основа на бодовите од административната селекција и бодовите од интервјуто содржани во Записниците заведени под бр. 04-31/9 од 14.02.2022 година и 04-31/10 од 15.02.2022 година, изготви предлог одлука за избор на прво рангирани кандидати и истите ги достави до в.д. Претседателот на Советот.

Согласно со член 52 од Законот за административни службеници „Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник“.

Имајќи го предвид горенаведениот член, в.д. Претседателот на Советот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена.

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот;
- персоналното досие;
- Архивата на Советот.

В.д. Претседател на Советот
Ване Цветанов